

ПАРАМИЛИТАРНИТЕ ФОРМАЦИИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН (2)

# ВОЕНИ КУЧИЊА ИЛИ НАЦИОНАЛНИ ХЕРОИ

Александар Писарев,
pisarev@kapital.com.mk

Според претставниците на Европската унија и ОБСЕ во пролетта 2001 година со помош на луѓе блиски до ВМРО-ДПМНЕ, формирана е паравоената формација Лавови која не беше под контрола на МВР, а во време на воениот конфликт во Македонија се стави под команда на полицијата. Меѓународните организации ја оценија како фактор на дестабилизација на регионот, а таа после потпишувањето на Рамковниот договор во 2001 година кој ја затвори кризата во Македонија и после промена на власта беше расформирана. После нивната демобилизација тие формираа Здружение на бранители Достоинство обидувајќи се да се ресоцијализираат и да ги решат своите егзистенцијални и социјални проблеми. Со радост го дочекаа својот „командант“ и идејниот водач Љубе Бошковски, поранешен министер за внатрешни работи кој беше обвинет во Судот за воени злосторства во Хаг, а пред крајот на 2008 година доби ослободителна пресуда.
Но, откако неодамна Собранието на Република Македонија не ги прифати нивните барања (поддржани со 30.000 потписи) за решавање на нивниот стаус, тие повторно станаа предмет на бројни манипулации.
Во нивна заштита се јавија и различни задгранични комитети.
На седницата на контраверзната пробугарско-македонска емигрантска организација МПО во САД (Македонска патриотска организација) на која присуствуваа бранители од разни македонски здруженија им беше дадена целосна поддшка. Упатени се остри зборови против премиерот Никола Груевски кој го обвинија за коалицирање со нивните воени противници Албанци од време на кризата во 2001 година.
Лидерот на здружението Достоинство порача дека нема да се откажат од одбраната на државата и дека нема да ѝ служат ниту на една политичка опција.
Тие сè уште ја задржаа воената структура и командниот кадар, а по веста дека македонскиот парламент ги одби нивните барања, голем дел од нив застанаа зад поранешниот министер за внатрешни работи Љубе Бошковски и се ставија во функција на неговите предизборни активности за претседател на државата. На неговиот пречек од Хаг некои од нив беа во униформи на единицата Лавови.
Истовремено се јавија и „заштитници“ на нивните права од Бугарија. Лидерот на бугарската ВМРО, Красимир Каракачанов им понуди заштита од бугарската држава и бугарски државјанства. Ова се еклатантни примери на манипулација со овие борци и обид да се стават во функција на одредени центри на моќ.
Секако дека една ваква идеја покрај бенефициите со добивање на државјанство, со себе носи и обврски кон новата татковина. Во каква функција би можеле тие да бидат во Бугарија со оглед на нивата обученост само за воено-полициски дејства.

## ОНА И АНА СÈ УШТЕ АКТИВНИ

Предисторијата на формирање на паравоените формациии на територија на Ма-

**Откако неодамна Собранието на Република Македонија не ги прифати барањата на бранителите за решавање на нивниот статус, тие повторно станаа предмет на бројни манипулации. Во нивна заштита се јавија и разни задгранични комитети од МПО до бугарската ВМРО и нивниот лидер Красимир Каракачанов. Дали владите од регионот имаат планови и дали воопшто сакаат да ги расформираат овие структури, а нивните борци да ги ресоцијализираат и вклучат во нормален општествен живот, и како историјата ќе ги оцени овие луѓе? Дали како кучиња на војна или како национални херои?**



**Според претставниците на ЕУ и ОБСЕ во пролетта 2001 година е формирана паравоената формација Лавови, која меѓународните организации ја оценија како фактор на дестабилизација на регионот. По конфликтот таа е расформирана, а нејзините припадници сега бараат ресоцијализација бидејќи еден период беа под команда на полицијата.**

кедонија почнува уште во далечната 1994 година кога тогашната тајна полиција успеала да открие директна поврзаност помеѓу албанската Партија за демократски просперитет и паравоена формација на Албанците позната под името Војска на Илирида.

Беше уапсен Митхат Емини секретар на ПДП. Во партијата и кај истакнати политички експоненти од оваа партија беа пронајдени списоци за регрутирање на паравојската, планови за напад на касарните... Оваа паравоена формација имаше Главен штаб на Илирида со конспиративна ознака „777", план за формирање баталјони и чети, за Скопје, Куманово, Дебар, Тетово, Гостивар, Струга... Во аферата беше замешан и помошник-министерот за одбрана Хусеин Хаскај. Тие имаа план за делување против 14-тата пешадиска бригада на АРМ.

Павле Трајанов во тоа време бил потсекретар во Министерството за внатрешни работи. После обелоденувањето на оваа афера тој поднесе оставка, а денес е пратеник во македонскиот парламент и лидер на Демократскиот сојуз, коалиционен партнер во Владата на премиерот Никола Груевски. Од денешен агол тој вели: „Всушност бев разрешен од должноста бидејќи инсистирав на продлабочување на истрагата за целиот случај. Од тогаш до денес, континуирано се појавуваат паравоени формации во исти региони на Македонија главно од албанскиот корпус и секогаш се на стенд бај и по наредба на нивните творци повремено преземаат мали или малку поголеми воени операции. Тие се создадени од албанскиот политички корпус и обично се во директна врска со албанскиот политички врв во Македонија. Тоа го потврдува и подолготрајното отсуство на пратеникот Џезаир Шакири алијас командат Хоџа од работата во Парламентот и неговото паравоено ангажирање во пограничното село Танушевци на македонско-косовската граница. Ова село и вооружените паравоени групи под неговата команда во неколку наврати биле иницијална каписла за безбедносната криза во Македонија", вели Трајанов.

Албанската герила во Македонија која на почеток на кризата во 2001 година беше во голем дел составена од Албанци од Косово, доби масовност и во Македнија, така што пред потпишувањето на Рамковниот договор ја прекина војната со посредство на Меѓународната заедница, а Албанците во Македонија имаа 3.000 вооружени борци за човекови права. Нивното командно воено крило се трансформира во политичката партија Демократска унија за интеграција и ги стопираше воените дејствија, но ја задржа воената структура.

Командантите кои се незадоволни од статусот на Албанците во Македонија често излегуваат од контрола на нивниот политички водач Али Ахмети и се одметнуваат во планина заедно со своите вооружени групи, кои во зависност од ситуацијата и потреба можат да бројат од неколку десетини до неколку стотини вооружени борци.

Стивен Мејер, кој е поранешен аналитичар во ЦИА, а сега професор по политички науки на Универзитетот за национална одбрана во Вашингтон анализирајќи ја ситуацијата во Западен Балкан вели:

"Македонија засега опстојува, но таа е кревка, многу фрагилна држава. Етничките тензии меѓу Албанците и словенските Македонци "вријат" под површина. Тие треба да се решат на демократски начин и луѓето треба да гласаат за решение. Ако муслиманите во Западна Македонија сметаат дека Охридскиот договор е сè уште одржлив треба да направат тој да успее. Доколку, пак, сакаат да гласаат за некаков вид независност или за некаква унија со Албанија или Косово, зошто да не го направат тоа? Не гледам како тоа може да наштети. Тоа би можело од друга страна да донесе решение за некои прашања и од економската сфера", вели Мејер.

## КАДЕ Е КОМАНДАНТ ХОЏА?

Џезаир Шакири - командант Хоџа, пратеник во македонскиот парламент и потпретседател на Националниот демократски сојуз на Албанците, го напушти Парламентот и во моментот е одметнат во планинското село Танушевци. Тој вели: „Јас имам 300 борци и во оваа година спречив упад на полицијата во селото. Кај мене постојано се регрутираат нови борци на ОНА".

Министерката за внатрешни работи на Македонија, Гордана Јанкуловска, на неговата изјава го даде следниот коментар: „Полицијата немала никаква акција во Танушевци, неколкумина вооружени припадници на групата на командант Хоџа пукаа подолго време во воздух симулирајќи битка".

Во ваква ситуација се добива впечаток на континуирано замрзнат конфликт. Повремено, паралено со безбедносна напнатост се лицитираат и неостварените по-

## ИМА МНОГУ ОРУЖЈЕ

Владимир Пандовски од Националната асоцијација за оружје, кој како консултант на меѓународните организации учествувал во акции за разоружување во регионот вели: „За време на кризата во Албанија во 1997 година, од магацините на албанската армија исчезнале повеќе од 600.000 парчиња на мало оружје главно калашникови,16 милиони бомби и гранати, и повеќе од 800 милиони парчиња. Од овие бројки околу 250 илјади автомати останале во Албанија, 200 илјади се префрлени на Косово, 50.000 во Македонија, а другото е продадено на црниот пазар. Исто така во периодот од 1991 до 93 година 700.000 парчиња автоматско оружје исчезнале од складиштата на ЈНА. Претпоставките се дека повеќе од 90% од ова оружје било искористено за вооружување на српските паравоени формации во Босна и Херцеговина и Хрватска.

Вкупниот број на мобилизирани лица во разни формации на просторот на поранешна Југославија во тој период достигнал бројка од 2 милиони луѓе во регуларни единици и преку 200.000 војници во разни парамилитарни формации. Повеќе од 200 илјади луѓе се убиени или ранети, 3 милиони станаа бегалци, а материјалната штета се мери во милијарди евра.

Во изминатите десет години беа организирани многу акции за разоружување, од кои седум во Хрватска, по една во Србија, Босна и Косово и две во Македонија, но во сите акции се собрани само стотина илјади парчиња оружје и неколку милиони бомби гранати и муниција.



Паравоената формација ЗНГ (Збор на народната гарда) од Хрватска на едно од боиштата во Босна во раните деведесетти години.

литички цели: конфедеративно или федеративно уредување на државата, дводомен парламент и консензуална демократија. Има уште еден поранешен командант на ОНА и пратеник во македонскиот парламент Хисни Шакири, кој е од кумановското село Липково, кој сега тврди дека во регионот под негова контрола сè е мирно. Но, на последното судење на група членови на ОНА пред крајот на годината, во кумановскиот суд се собра поголема група борци кои пред судската палата извикуваа УЧК и бараа слобода за терористите.

Меѓу дел од борците на овие парамилитарни формации постои поделеност. Некои се незадоволни затоа што нивните другари заседоа истакнати места во државната администрација. Командант Хоџа неодамна го обвини раководството на ДУИ (Демократска унија за интеграција) која коалицира во актуелната Влада дека се проневерени парите од донации за ОНА на американската дијаспора.

Нарушениот процес на демаркација на границата може и понатаму да се комплицира. И од Албанија доаѓаат сигнали дека косовските Албанци не треба да отстапат ни педа од својата територија. Чело Хоџа, уредник на албанскиот весник Тема и еден од лидерите на националниот демократски фронт во Албанија, смета дека земјишните парцели на македонско-косовската граница имаат легитимни сопственици на Косово и затоа Косово не треба да ѝ прави никакви отстапки на Македонија.

### ПАТ ДО НОРМАЛЕН ЖИВОТ

Расформираните делови на единиците на парамилитарните и полулегални формации во периодот после 2001 година: Лавовите и Поскоците во Македонија сега организирани во разни здруженија на бранители, потоа остатоците од албанските паравоени формации ОНА и АНА (Албанска национална армија) во реонот Косово и Македонија, дел од Збор на народната гарда, Војската на источна Славонија, Хрватски Сремци и Книнџе во Хрватска, Седмата муџахединска бригада, Зелените баретки, Шиитската полиција, Исламските борци во Босна, Шкорпионите, Молњите, Белите орли, Волците, Арканowите тигри, Пајаците од Србија, кои сите беа активни во Босна, Хрватска и Косово официјално се расформирани. Црвените баретки станаа регуларна жандармерија во Србија.

За овие луѓе ни една од државите сè уште нема направено адекватна програма за ресоцијализација. Без идеја како да се вратат во нормален цивилен живот, делови од припадниците на овие единици станаа криминалци во вооружени банди. Дел од нив се и понатаму лојални на своите спонзори и во секој момент се подготвени да делуваат за остварување на нивните цели, а најзагрозената категорија се оние кои би сакале нормално да живеат. За жал, државите и општествата во регионот обременети со големи финансиски проблеми немаат и не се многу организирани како, и на кој начин да им помогнат во ресоцијализацијата. Така овие луѓе и против своја волја остануваат на стенд бај аранжман, подложни на манипулации на разни центри на моќ на кои повремено им се потребни вооружени формации.

Во меѓувреме добар дел од нив, чекајќи нови воени активности се занимаваат со криминал. Според д-р. Оливера Скакиќ од Клиниката за душевни болести во Ниш сè повеќе се регистрираат пациенти со изразен ПТСП синдром (пострауматски синдром - Виетнамски синдром) кои се склони кон семејно и секакво друго насилство и не можат нормално да функционираат во мир.

Наместо заклучок останува отворено прашањето: дали владите од регионот имаат планови и дали воопшто сакаат да ги расформираат овие структури, а нивните борци да ги ресоцијализираат и вклучат во нормален општествен живот и како историјата ќе ги оцени овие луѓе? Дали како кучиња на војна или како национални херои?

*Проектот е реализиран со помош на Данската асоцијација за истражувачко новинарство и поддржан од данската влада и проектот SCOOP*